


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Информатички и телекомуникациски технологии потребен/а е инженер/ка кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти.

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ МРЕЖИ (Network Administrator) (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Администрација и одржување на компјутерски мрежи и системи,
- Превентивно и реактивно одржување на компјутерски мрежи и системи, вклучувајќи софтвер, VPN, рутери и друг физички хардвер,
- Следење и мониторирање на компјутерски системи со цел подобрување на мрежните перформанси,
- Спроведување на редовни операции за резервна копија и соодветни процеси за обезбедување на редундантност, враќање од катастрофи и процедури за откажување,
- Решавање на проблеми со конфигурација на софтвер и/или хардвер,
- Подготовка и реализација на проекти за компјутерски мрежи и системи,
- Анализи, пресметки, истражувања, избор и нарачка на опрема, конфигурација, тестирање и пуштање во работа

**Потребни компетенции**

- Високо образование (Електротехника или Компјутерски технологии),
- Искуство во инсталација, конфигурирање и одржување на Cisco мрежни системи (routers / switches / firewalls / VPN / WLAN контролери),
- Искуство во подготовка и реализација на проекти за компјутерски мрежи и системи,
- Познавање на IP адресирање и подмрежа за ефикасно распределување на IP адреси и управување со мрежните ресурси,
- Познавање на работа со NAS и SAN,
- Познавање на методологии за водење на ИКТ проекти: ITIL, COBIT, ISO 20000, ISO 27000,
- Познавање на технологиите за безжични мрежи, вклучувајќи access point, безжични контролери и безбедносни протоколи,
- VCTA, VCP, CCNA, CCNP сертификација ќе се смета за предност,
- Одлично познавање на Англиски јазик,
- Релевантно работно искуство најмалку 4 години,
- Доверливост, исполнителност, иницијативност, високи аналитички способности, комуникативност, тимска работа,
- Способност за соработка со меѓуфункционални тимови, вклучувајќи мрежни инженери, системски администратори и персонал за ИТ поддршка, за решавање на проблеми поврзани со мрежата

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 31.10.2023.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу

Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.